## За Вас

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Емилија Митрејчевска |
| **Факултет/студиска програма на Прв циклус студии** | ТТФВ, Нутриционизам |
| **Факултет/студиска програма на Втор циклус студии** | ТТФВ, Управување со Квалитет и безбедност на храна |
| **Работно место/позиција** | Невработена |
| **Година на дипломирање** | 03.09.2014 |
| **Година на магистрирање** | 01.03.2017 |
| **E-mail адреса** | emilija.mitrejcevska@yahoo.com |

## Споделете искуства од студирањето на УКЛО/ Технолошко-Технички факултет - Велес

**Наведете зошто избравте да студирате на Технолошко-технички факултет - Велес, ваши искуства во текот на студиите, интересни случки и сл.**

Студиската програма Нутриционизам, при Технолошко-техничкиот факултет Велес за мене претставуваше една иновација, синергија помеѓу технологијата на храната и здравјето на човекот, на која љубопитно и пристапив. На Технолошко-техничкиот факултет Велес се сретнав со тимот на професори кои несебично и секојдневно го споделуваа своето знаење и искуство со нас студентите. Многу сум задоволна од комуникацијата професор- студент. Дипломирав на Технолошко-техничкиот факултет Велес на ден 03.09.2014 год. Мојата желба и потреба за знаење секојдневно ја црпев од моите професори, а им вратив со високиот постигнат просек: **9,95** кој и денес го краси моето звање- Дипломиран инженер- технолог, насока Нутриционизам. Мојот труд го награди и Униварзитетот „Св . Климент Охридски, Битола“ при кој бев избрана за ***Најдобар студент*** на Технолошко-техничкиот факултет Велес на ден 05.12.2014 год. Инженерската институција на Р. Македонија ми додели признание ***Најдобар дипломиран инженер*** , а Претседателот на Република Македонија Проф. д-р Ѓорѓе Иванов лично ми врачи награда ***Златен инженерски прстен***.

Се запишав на Втор циклус студии на Технолошко-технички Факултет велес, при кој дипломирав на ден 01.03.2017 год. со просек: **10** и се стекнав со научно звање: Магистер на науки по Управување со Квалитет и безбедност на храна.

## Споделете Ваши искуства по дипломирањето на УКЛО/Технолошко-Технички факултет - Велес

**Опишете каде и што работите, опишете го Вашиот професионалн пат, наведете Ваши позначајните лични и професионални постигнувања**

Моментално сум невработена, но не сум разочарана. Се надевам дека ваков вреден студент вреди да биде вклучен во секој работен тим и верувам дека наскоро ќе најдам работа која ме исполнува и мотивира да продолжам да се надградувам и да ги ширам своите хоризонти.

## Alumni совет

**Со една до две реченици што би им порачале како совет на сегашните и идните студенти на УКЛО?**

На сегашните и идните студенти на УКЛО би им препорачала максимално да го искористат студирањето на УКЛО, да црпат што е можно повеќе знаење и да се стекнат со диплома со која гордо ќе најдат работа на пазарот на труд.